**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**
**FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE**
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 55 став 1 точка 40 од Статутот на Градежниот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/2018), согласно одредбите на Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 и Одлуката за начинот на реализација на дејностите на  Градежниот факултет - Скопје за време на вонредна состојба согласно мерките на надлежните органи во РС Македонија бр. 02-2/91-68 од 02.04.2020 г., а согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19, Наставно – научниот совет на 495. седницата одржана на ден 30.09.2020 година, го донесе следното

# УПАТСТВО

## за  одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови

1. Одбраните на дипломски, магистерски и докторски трудови на Градежниот факултет, согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19  ќе се вршат со примена на видео-конференциска платформа или со физичко присуство.
2. Студентот кој ќе одлучи да брани дипломска, магистерска или докторска работа со примена на видео-конференциска платформа, треба преку е-пошта да го извести менторот.
3. За одржување на одбраната на дипломска, магистерска или докторска работа (во натамошниот текст: одбраната), студентот и членовите на комисијата се должни да обезбедат соодветна опрема за меѓусебна аудио-визуелна комуникација и стабилна интернет врска и да се наоѓаат во просторија во која нема да се нарушува текот на одбраната.
4. Одбраната се одвива преку виртуелна училница, со користење на една од лиценците на платформата Zoom.
5. Студентот може да ја даде лозинката за пристап на одбраната на лица кои сака да ја следат одбраната на дипломската работа.
6. Одбраната трае најдолго 45 минути. Доколку во текот на одбраната дојде до прекин на интернет врската и таа не може да се воспостави во наредните 30 минути, се закажува нов термин за одбрана. Текот на одбраната е ист како и за одбрана со физичко присуство на кандидатот и комисијата.
7. По завршување на одбраната, во временски интервал од 15 минути менторот ја користи опцијата waiting room со цел за комисијата да донесе одлука без присуство на студентот. Менторот електронски го пополнува записникот го доставува преку службената е-пошта до членовите на комисијата, кои испраќаат повратна информација за неговото прифаќање. Откако кандидатот повторно ќе се вклучи во видео конференцијата, менторот му ја соопштува донесената одлука.
8. Одбраната со физичко присуство се одвива во просториите на факултетот. Евиденција за слободен простор за одбрана води Стручната служба на Факултетот.

9. На одбраната покрај комисијата и студентот можат да присуствуваат најмногу 3 лица.
10. Присутните на одбраната за цело време на одбраната носат заштитна опрема (маска, марама, шал) која треба да ги покрива носот, устата и брадата и седат на растојание од најмалку 2 метри.
11. Одбраната трае најмногу 45 минути, по што просторијата се дезинфицира. Не се дозволува задржување во просторијата по одбраната.
12. Служење на  храна и пијалоци е забрането.
13. По завршување на одбраната, претседателот на комисијата го доставува записникот во архивата на Градежниот факултет.
14. При одбраната со физичко присуство важат Правилата за студирање, а заради заштита од Корона вирусот CoVid-19 се применуваат и одредбите од оваа процедура.

**Д е к а н**

**Проф. д-р Златко Србиноски**